Бр./Nr 12-992/9
24.06 г./v. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31 -та седница, одржана на ден 12 Јуни 2020 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-5775/1 од 25.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, а со која се изразуваат наводи и сомневања за незаконско влијание на службено лице и за злоупотреби на службената положба и овластувањата при доделување на договор за јавна набавка, по објавениот оглас -------------- - за потребите на -------------------- СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-5775 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-5775/1 од 25.12.2019 година.

Предметот со број 12-5775 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-5775 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 5775/1 од 25.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител ------------------------ преку овластен потписник ----------------------.

Пријавата содржи наводи и сомневања за незаконско влијание на службеното лице – ------------------ ---------------------- во постапката за доделување на договор за јавна набавка за потребите на ------------------ ----------------------, по објавениот оглас ---------------- за набавка на ------------------------------. Истовремено, посоченото незаконско влијание на наведеното службено лице се поврзува со незаконско постапување и пречекорување на Законот за јавните набавки од страна на договорниот орган во предметната постапка за јавна набавка – ----------------- за чие извршување договор за јавна набавка е/бил склучен со правното лице ----------------------- кое е сопственост на ----------------, блиско лице ---------- на ----------------------------------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, заради целосно утврдување на фактичката состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија изврши увид во јавно објавениот оглас за доделување на договор за јавна набавка и во останатите податоци содржани во електронскиот систем за јавни набавки и презема процесни дејствија - достава на барање за доставување на податоци и информации и достава на барање за дополнителни информации од ------------

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930

-----------------------------, како и достава на барања за доставување на податоци и информации од правното лице -----------------------------.

Последователно, по прием на писмените одговори со придружна документација, доставени од договорниот орган и од наведениот економски оператор, Државната комисија изврши целосна анализа на податоците за предметната јавна набавка, па имено на Одлуката за јавна набавка ------------------------ и на тендерската документација --------------------; на пристигнатите понуди од економските оператори учесници во постапката со целокупната задолжителна и дополнителна документација, на Записникот од отварањето на понудите одржано на ден ---------------------------- и Извештајот од спроведената постапка за јавна набавка изготвен од Комисијата за јавна набавка – со предлог --------------- и предлог -------------------; Одлука ------------------------- и Одлука -------------------- донесени од оговорното лице - ------------------------------; на Записник, со препораки и задолженија, од извршена ------------------ предметната јавна набавка од страна на овластени лица од ------------------------ и -------------- извештај од спроведена постапка за јавна набавка од -------------- година; на Одлука -------------------- и Одлука ------------- донесени од оговорното лице ------------------------- ----------------------------; на склучените договори со избраните економски оператори – вршители на јавната набавка, аналитички картици за реализација на склучените договори и други списи доставени од страна на договорниот орган и од економскиот оператор ------------------------------- ---------------.

Од извршената анализа на целокупната документација од постапката за јавна набавка, за целината на постапката, Државната комисија доби уверување и оцени дека е истата – во целост спроведена согласно со одредбите од Законот за јавните набавки и важечките подзаконски акти, односно дека од Комисијата за јавна набавка и од одговорното лице ------------------------------------------- не се сторени прекршувања на позитивните законски и подзаконски акти кои би можеле да се подведат и/или кои се во врска и во контекст на наводите и сомневањата истакнати од подносителот на пријавата за влијание од страна на -------------------------------------------- во изборот на еден од економските оператори на кои им се доделени договори за реализирање на јавната набавка. Ваквата оценка на Државната комисија, меѓу другото, се потврди и преку констатациите, препораките, забелешките и задолженијата утврдени од стана на ---------------------------------- во текот на постапката за јавна набавка, откако веќе било извршено отварањето на понудите и била извршена нивна евалуација , односно и бил сочинет Извештај со предлози од страна на Комисијата за јавна набавка, како и откако веќе биле донесени одлуки -----------------------. Имено, при вршењето на -------------- не се/биле констатирани прекршувања на Законот и на подзаконските акти кои би се однесувале на приемот, на валидноста и на комплетноста на понудите со сите потребни докази и прилози, од страна на сите избрани економски оператори, вклучително и на операторот на кој се однесува пријавата доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата. Државната комисија преку целината на постапката за јавна набавка и одделно гледано - по однос на економскиот оператор --------------------, утврди дека овој економски оператор на денот на отварањето на понудите со доставената понуда и приложената документација ги исполнувал сите барања предвидени со тендерската документација.

Имено, овој економски оператор, а што е видно од документацијата која тој уредно ја доставил во прилог на понудата и што е констатирано од Комисијата за јавна набавка во Записникот за отварање на понудите - на денот на отварањето на понудите, --------- година, ги имал доставено сите барани документи и ги исполнувал сите услови за квалитативен избор, како по однос на способноста за вршење професионална дејност така и по однос на техничката и професионална способност. При тоа - во делот на техничката и професионалната способност економскиот оператор доставил договори за подршка на техничката и професионалната способност (за деловна соработка) со други правни лица – склучени пред денот на отварањето на понудите и комплетна докумантација за докажување на нивната способност за вршење професионална дејност, и за нивната техничка и професионална способност, па сумарно гледано, со подршка на овие правни лица економскиот оператор ги исполнувал условите по однос на бројот на

ангажираниот обучен технички персонал – со валидни докази за истото, како и по однос на техничката опрема - потребниот број на -------------------- – со валидни докази/----------, кој бил соодветен на бројот на персоналот и според карактеристиките дадени во техничката спецификација.

Од наведеното произлезе дека наводите на подносителот на пријавата за тоа дека економскиот оператор бил избран, односно дека “го добива тендерот по повторна евалуација“ како што наведува подносителот, не се потврдуваат. Од истите причини не се потврдуваат и наводите на подносителот на пријавата доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата за тоа дека економскиот оператор ----------------- потребната --------------- за реализирање на јавната набавка ја обезбедил, преку правното лице -----------------------, откако бил завршен изборот на економски оператор, а со оглед на тоа што низ постапувањето на Државната комисија, од расположивите списи/документација се утврди дека, овој економски оператор, откако веќе бил евалуиран и ги исполнил условите и барањата од тендерската документација, до договорниот орган доставил ---------------- . Имено, оваа околност не била предмет на евалуација и не била од влијание при вршењето на изборот за доделување на договор за јавната набавка ------------ на овој економски оператор од причина што не ни била дел од барањата на тендерската документација.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 12 Јуни 2020 година под бр. 12-992/9**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По Заклучок на ДКСК
Изработил Христина Мишевска, Советник
Одобрил м-р Шемши Салаи, член на ДКСК